Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин” распишува:

**К О Н К У Р С**

**за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин” во 2021 г.**

Со државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин” се оддава признание за остварувања во областа на публицистиката и новинарство.

Државната награда им се доделува на поединци, група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани.

Државната награда под условите определени во конкурсов може да се додели и на странски државјани, група творци, екипи и институции од странство.

На награден поединец му се доделува: диплома и паричен износ.

На секој член на наградената група творци или екипа им се доделува диплома и подеднаков дел од паричниот износ.

На наградена установа, трговско друштво или здружение на граѓани им се доделува диплома и плакета.

Паричниот износ на државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин” изнесува *пет (5) просечни месечни плати* во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

Државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин” се доделува, по правило, секоја година.

Во една година може да се доделат најмногу до *две (2) награди*.

Иницијатива за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин” може да поднесат: установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани.

Подносителите на иницијатива за доделување на државната награда треба подробно да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: прецизни биографски податоци и докази точна адреса на живеење (адреса-улица, број, место, град, држава), податоци за остварените резултати во областа во која што е постигнато остварувањето и други податоци што се смета дека ќе придонесат во оценувањето.

Подносителот на иницијативата мора да го наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон.

Текстот на иницијативата (комплетиран) да се достави во 15 примероци, а трудовите (книги, публикации и сл.) се третираат како прилози и треба да се достават најмалку во два (2) примерока.

Адресата на којашто треба да се доставаат иницијативите е:

Министерство за култура на Република Северна Македонија - Одбор за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин” , ул. „Ѓуро Ѓаковиќ” бр. 61 - Скопје, Република Северна Македонија.

***Конкурсот трае од 1.10 до 31.10.2021 година.***

Иницијативите и прилозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием, како и некомплетните иницијативи нема да бидат разгледани од страна на Одборот.

**Одбор за доделување на државната**
**награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин”**